РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5791/

17-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе Државната комисија за спречување на корупцијата ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-5791/1 од 26.12.2019 година, доставена до ДКСК од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување по предметот со број 12-5791 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-5791/1 од 26.12.2019 година.

Предметот со број 12-5791 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5791 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5791/1 од 26.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Доставената пријава претставува поплака од работењето и постапувањето на судија, кој веќе е во пензија, како и незадоволство од неговиот начин на составување на записниците од судските предмети и за неправилното запишување/калкулирање на трошоците за постапките во истите, кои трошоци требало да ги плати странката, и бара против судијата да се преземат дисциплински мерки по овој основ .

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека конкретната пријава не се однесува на актуелно избрано или именувано лице, така што Државната комисија нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 5791/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива
По заклучок на ДКСК, Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : К.Н ,член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk